# Меѓународни конвенции во областа на животна средина

**професор д-р Зоран Шапуриќ**

**Во последниве две децении, особено после Конференцијата во Рио се заклучија голем број на меѓународни конвенции од областа на животна средина.**
**Бројот на меѓународните конвенции во областа на животна средина е преку 550, со што може да е констатира дека во оваа област се заклучени најголем број на конвенции.Ниту во една друга област нема толкав број на конвенции.**
**Најголем дел од овие конвенции се заклучени во рамките на Организацијата на обединетите нации.**

**За да стапат овие конвенции во сила и да се применуваат, најпрвин е потребно да се потпишат од страна на земјите што се членки ( страни на конвенциијата), апотоа да бидат и ратифицирани од земјите.**
**Организацијата на конвенциите  е најчесто слична и во рамките на нив функционираат истоветни органи.**
**Органи на конвенциите**
**а.најважен орган е Конференција на страните -во која секоја земја има по еден член – еден глас. Овој орган ги донесува најважните одлуки,како што се усвјување на буџетот, на конференцијата, усвојување на програми за работи, додатоци на на конвенцијата во вид на анекси, протоколи и сл.**

**б.Претседателство на конференција во која членуваат одреден број на членови од секоја земја, со мандат помеѓу 1 до 4 години( зависно од конвенцијата)и кој во одреден период го организира и ги закажува седниците на Конференцијата на страните.**

**в. Секретаријат на конвенцијата- орган кој го организира административни и оперативно работењето на органите на конвенциите.**

**г. Стручни и научни комисии- кои ги разгледуваат научно и стручното работење на конвенцијата, односно на органите на конвенцијата од разни области и донесуваат одредени заклучоци, препораки, мислења, ставови и сл и ги доставуваат до другите органи.**

**Напредокот на меѓународната правна регулатива( пред се преку еколошките конвенции) во областа на животната средина е резултат на засилената свест на човекот за негативните ефекти и последиците од глобалните опасности по животната средина: глобално затоплување, климатски промени, загадувања на водата, воздухот и почвата, ослабување на озонската обвивка.**

**-Меѓународната правна рамка има важна улога во афирмацијата на областа на животна средина и концептот на одржлив развој.**
**-Преку меѓународната правна регулатива почнува постепеното креирање и ефектуирање на националните правни регулативи за нивно спроведување во државите.**

Меѓународното право во областа на животна средина има универзален и интегрален пристап и се ефектуира во меѓународните конвенции - спогодби за соработка на одредена тематика или проблематика во животната средина:

-Билатерални спогодби - склучени меѓу две држави

- Мултилатерални спогодби - склучени меѓу голем број на држави( најчесто конвенции).

**Што е Конвенција?**

**Меѓународна конвенција е договор или спогодба меѓу различни земји која има правно обврзувачки карактер за државите потписници. Постојните меѓународни конвенции опфаќаат различни области, вклучувајќи трговија, наука, криминал, разоружување, транспорт, животна средина и човекови права.**

**-Пример: Кога Генералното собрание на ОН ќе усвои Конвенција, тоа значи дека е создадена меѓународна норма и стандард. Државите кои ја ратификуваат Конвенцијата се обврзуваат да се придржуваат до нормите пропишани во неа.**

**-Други значајни акти за меѓународната регулатива во областа на животна средина се декларациите, резолуциите, препораките, заклучоците и другите акти таканаречени „меко право“ (Soft Law).**

**-Конвенцијата е посилен меѓународен правен механизам од Декларацијата.**

**Декларација е документ кој содржи договорен стандард или норма, но не е правно обврзувачки за државите. На конференциите на ОН, како што е Конференцијата за човекови права на ОН во Виена (1993), обично се усвојуваат две Декларации: едната е составена од претставниците на државите, а другата од страна на невладините организации. Иако не се правно обврзувачки, Декларациите се многу влијателни во создавањето на политиките и активностите во многу области на меѓународно ниво (пр. Декларациите од Стокхолм и Рио - животна средина и одржлив развој).**

**-Пример: Универзалната декларација за човекови права е документ кој делува како глобална мапа на патот за слобода и еднаквост - ги штити правата на секој поединец, насекаде. Правата што се утврдени продолжуваат да претставуваат основа за меѓународното право за човекови права (Член 31 - Право на здрава животна средина и одржување на еколошка рамнотежа).**

**Резолуција на Обединетите нации (резолуција на ОН) е формален текст усвоен од тело на Обединетите нации.**
**Резолуции може да носат повеќе тела на ОН, но во пракса повеќето резолуции се усвојуваат од Советот за безбедност или Генералното собрание.**

**Современото меѓународно право, или меѓународно еколошко право е свртено кон иднината на човекот и интергенерацискиот пристап.**
**-Меѓународното еколошко право силно ги спроведува принципите на одржлив развој и ги поврзува со проблематиката на заштита и унапредување на животната средина.**

**-Главната цел е да воспоставува високи стандарди во животната средина, како и да го надминува јазот помеѓу правото и политиката на глобално ниво.**

**-Пример: Меѓународните стандарди за водата за пиење најчесто се предлагаат од Светската здраствена организација (World Health Organization).**

Во период 1992-2019 год. склучени се преку 550 меѓународни конвенции од областа на животна средина кои се однесуваат на нејзините проблематики - водата, воздухот, почвата или одделни сектори на животната средина како природата и управувањето со хемикалии. Некои конвенции ја регулираат животната средина во целост. Не постои ниту една друга област каде што во толкав број се заклучени мешународни конвенции, како што е случак со меѓународоните конвенции во областа на животна средина.

•Конвенциите претставуваат напор на меѓународната заедница кон воспоставување на унифицирани еколошки стандарди.

•Се склучуваат во писмена форма и се потпишуваат од страна на овластени претставници од земјите потписници.

•По потпишувањето, следува нивна ратификација како услов за стапување во сила - најчесто парламентот е надлежна институција и ги ратификува одредбите од конвенцијата во државите.

Недоволно силни инструменти и механизми за принуда на нивно почитување и извршување од страна на потписниците. Постои доброволен механизам за извршување на нивните одредби - земјите членки треба да ги ратификуваат конвенциите и спроведат во своите национални законодавства.

Спорови меѓу членките потписници кои најчесто се јавуваат поради недоразбирања, нејаснотии околу одредбите или други интереси се решаваат пред избрани арбитражни судови или пред Меѓународниот суд на правдата основан од ОН. Од 1993, Меѓународниот суд на правдата има посебен совет надлежен за случаите со животната средина.

Umbrella conventions - Рамковни конвенции кои ги покриваат само општите принципи и се често декларативни, при што во некои случаи се надополнуваат со протоколи и анекси.

Слабости на меѓунардните еколошки конвенции
Условеност на стапување во сила – зависи од самата ратификација со што стапувањето во сила и спроведувањето може да се одложи на подолг период. Пример: Конвенцијата на ОН за право на поморска заштита е потпишана во 1982 год., а влезена е во сила 12 години подоцна во 1994 год.
-Многу конвенции се условени за влегување во сила и од одреден процент на земји потписници кои треба да ги ратификуваат.

-Во меѓународните конвенции често е оставена можност и за државите членки да стават одредени делови или одредби од Конвенцијата на тн. резерви, односно да имаат можност да не ги применуваат тие одредби.

**Позитивни ефекти:**

- **Постојана и постепена изградба на меѓународни стандарди за заштита на животната средина и нивна надградба.**
- **Развивање механизми за пренесување технологија и финансиска помош на земји во развој за имплементацјиа на проекти во животна средина.**
- **Развој на научни истражувања во областа на животна средина и нивна размена меѓу земјите членки на Конвенцијата.**
- **Поефективен и поефикасен систем за намалување на прекуграничното загадување.**
- **Поголема отвореност и информирање меѓу земјите потписници во областа на животна средина.**
- **Принцип на одржлив развој на меѓународно ниво.**

**Позитивни ефекти:**

- **Засилување на институциите на животна средина на национално и меѓународно ниво.**
- **Намалување на супстанците што ја оштетуваат озонската обвивка, предизвикуваат климатски промени и глобално затоплување.**
- **Поголема заштита на водите (морињата, реките, езерата) кои се корисат од две или повеќе земји.**
- **Намалување на илегална трговија со заштитени животински и растителни видови.**
- **Ограничување на трговската соработка кога се загрозува животната средина.**
- **Засилен меѓународен мониторинг и контрола за спроведување на активностите и мерките на заштита на животната средина кои се утврдени со конвенциите**

СТОКХОЛМСКА ДЕКЛАРАЦИЈА

- Декларација усвоена на меѓународната Конференција на ОН во Стокхолм во 1972. Претставува значаен почеток односно база на сите понатамошни меѓународни конвенции за промоција, мерки, стандарди и активности за решавање на проблемите со животната средина.
- Се истакнува поимот хумана животна средина – прва конференција што е целосно посветена на проблематиката во животната средина со големо влијание во почетоците на нејзина заштита и унапредување во меѓународни рамки.
- Резултира со 4 главни иницијативи – нормативни, институционални, програмски и финансиски меѓународни активности.

СТОКХОЛМСКА ДЕКЛАРАЦИЈА

•Покрај усвојувањето на Декларацијата на конференцијата се формира и нова и доста важна институција на ОН во областа на животната средина, односно Програма за животна средина (UNEP – United Nations Environment Program).

•Програмата за животна средина на Обединетите нации е водечки глобален орган за животна средина што ја поставува глобалната еколошка агенда, промовира кохерентно спроведување на еколошката димензија на одржливиот развој во рамките на системот на ОН и служи како авторитативен поборник за глобалното опкружување.

•Мисија - Да обезбеди лидерство и да го охрабри партнерството во грижата за животната средина преку инспирирање, информирање и овозможување на нациите и народите да го подобруваат квалитетот на живот без да ги загрозат идните генерации.

Во Стокхолмската Декларација се содржани 26 принципи кои се база на многубројни меѓународни конвенции во областа на животната средина.

•Принцип 1: Човекот има право на здрава животна средина и тоа е негово елементарно право. Човекот има и одговорност за заштита и подобрување на животната средина како и одговорност за заштита на животната средина кон идните генерации.

•Се нагласува сувереното право на државите да ги користат своите природни ресурси према принципите дефинирани на меѓународно ниво како и одговорноста за прекугранично загадување и наштетување на другите држави – реафирмиран принцип во Конвенцијата во Еспо.

•Овие принципи се силно врежани во конвенциите кои следат каде се посочува дека треба еднакво, праведно и рационално користење на заедничките природни ресурси.

СТОКХОЛМСКА ДЕКЛАРАЦИЈА

- Принципи 3-5: се нагласува потребата од конзервација на еко системите и на дивите живеалишта.

- Принципи 6-7: се укажува на неопходноста од поинтензивна контрола на загадувањето и утврдување на граници за присуство на штетните супстанци во медиумите на животната средина.
- Принципите 8-11: нагласуваат дека економскиот и социјалниот развој мора да бидат усогласени и дека принципите на животната средина мора да бидат вградени во развојната економска политика (база за концептот на одржлив развој).
- Принципите 12-17 ја нагласуваат потребата од засилена финансиска помош на земјите во развој за да ги совладаат проблемите со животната средина како и создавање на меѓународни и национални институции со капацитети и надлежности во животната средина.

Позитивни ефекти:

- По Декларацијата доаѓа до формирање на посебни министерства и институции со надлежности во животната средина (пр. инспекторати и агенции за животна средина).
- Го поттикнува и учеството и ја зајакнува улогата на невладиниот сектор при донесување на одлуки и усвојување на правни акти во областа на животната средина на национално и меѓународно ниво.
- Во денешно време не може да се замисли донесување на одлуки во областа на животната средина без активно учество на невладиниот сектор кој е коректор и критичар на официјалната политика, но делува и како активен учесник и иницијатор на предлози кои често се прифаќаат од надлежните институции.

ДЕКЛАРАЦИЈА ОД РИО

Усвоена на Конференцијата/Самитот во Рио организирана од страна на ОН во 1992 год. Има големо значење во развојот и интензивирањето на мерките и активностите во областа на животната средина на глобално и национално ниво - поттик за натамошен развој на меѓународните конвенции во областа на животната средина.

- На конференцијата се усвоени следните значајни документи:
  - Рамковна конвенција за климатски промени
  - Конвенција за заштита на биодиверзитетот
  - Конвенција за борба против опустошување
  - Агенда 21
  - Изјава за глобални принципи за заштита на шуми
  - Декларација од Рио за животна средина и одржлив развој

Огромен интерес и глобална партиципација на Конференцијата – Претставници од 176 земји и 103 шефовови на држави и претседатели на влади како и големо учество на невладиниот сектор во организацијата и усвојувањето на документите.

•Декларацијата содржи 27 генерални принципи и утврдува генерални права и обврски во животната средина, кои иако не се задолжителни, обезбедуваат важна рамка по која државите што се учесници превземаат низа активности за спроведување на оваа Декларација во својата политика и правна регулатива.

Позитивни ефекти од Рио Декларација:

- Нагласена е потребата за зголемување на јавната свест и интеграција на образовниот процес во областа на животна средина со фокус на еколошка едукација.
- Учество на младите во процесите на заштита и унапредување на животната средина, како и потенцирање на колективната и индивидуалната одговорност кон животната средина.
- Зајакнување на улогата на граѓаните, јавноста и невладиниот сектор при донесување на одлуки во областа на животната средина. Ова резултира со силна експанзија на националните законодавства за овозможување на широко учество на граѓаните при донесување на одлуки во животната средина како и значајни конвенции кои го регулираат правото на партиципација на граѓаните во еколошката проблематика (пр. Архурска Конвенција

Принцип 1 - Човекот има право на здрав живот во хармонија со природата, со што се повторуваат но и продлабочуваат одредбите од Стокхолмската декларација - човекот е централен дел на животната средина и дека неговите права на здрава животна средина спаѓаат во основните човекови права.

•Овие права се вградени во националните законодавства во современите држави, а во многу случаи и во нивните устави.

•Го утврдува правото на развој како и примена на принципите на одржливиот развој, со што оваа Декларација многу појасно и подецидно го дефинира и промовира концептот на одржлив развој.

Принципи 5-8 - утврдени се посебните потреби на земјите во развој за засилување на нивните институционални капацитети и добивање на финансиска и технолошка поддршка од страна на меѓународната заедница.

•Оваа Декларација се смета дека претставува консензус помеѓу развиените и неразвиените земји за утврдување на норми за заштита на животната средина на меѓународно ниво.

ПОВАЖНИ МЕЃУНАРОДНИ ЕКОЛОШКИ
КОНВЕНЦИИ (КОНВЕНЦИИ ВО ОБЛАСТА НА
ЖИВОТНА СРЕДИНА)

-**Конвенција за заштита на озонска обвивка** заклучена во Виена ( Виенска конвенција)-регулира мерки и активности за глобална заштита на озонска обивка – таа е надоплнета со **Монтреалски протокол.**

- **Рамковна конвенција за климатски промени,** регулира механизми и обврски на земјите членки за справување со климатските промени и глобалното затолување, која е една од најголемите глобални закани. Надополнета е со Протокол од Кјото, а пред три години и со Парискатa конвенција.

**Конвенција заштита на водните живеалишта** заклучена во Рамсар,познатa како Рамсар конвенција. Заштита на животински и растителен свет во копнените води, односно во езера мочуришта и нивна заштита оклу водите.

-

- Конвенција за за мешународна трговија со загрозени видови на флора и фауна ( CITES)-  регулира прекугранично движење на заштитени видови на животни пред се, начин на транспорт,гранична контрола, увоз и извоз,начин на издавање на дозволи и сл.

-Конвенција за заштита на бидиверзитет, усвоена на Рио конфренција 1992 година. Најопсежна конвенција во областа на биодиверзитетот. Регулира одговорност  и постапките на земјите во заштита на природата,мачин на пргласување на заштитените подрачја, мерките заштита на микрои макро екоситеми ,како и соработката на земјите за заштита на природните реткостии помош на развиените земји на зеразвиените за спроведување на обрските на конвенцијата.

**Ротердамска конвенција** за меѓународно менаџирање со хемикалии, особено со опасните хемикалии, начинит на транспорт, обележување,прекугранично движење и контроли, увоз извози сеоопфатни стандарди за менаџирање, складирање,чување и движење на хемикали.

**Базелска конвенција за прекугранично движење и контрола на опасен отпад.регулира** помеѓу другото начин на узвоз и извоз на опасен отпад , начин на добивање на дозволи, мешународен мониторинг и евиденција на поврзани со опасен отпад

Лондонска конвенција за превенција од загадување на мориња од складирање на отпад.

- Конвенција за процена на влијанијата врз животна средина во прекуграничен контекст- заклучена во градот Еспо( позната како ЕСПОконвенција).

- конвенција за пристап на информации до јавноста и учество на јавноста во одлучување за прашања поврзани со животна средина( Архурска конвенција)

Конвенција за нуклерна безбедност, заклучена во Виена.-
конвенција на ООН зазаштита на морињa и океани.
- Конвенција за превенција од заштиа на поморски подрачја од бродовите.
- Конвенција за заштита замиграторните видови на диви животни,
- Конвенција за заштита на слатководни води, _ Хелсиншска конвенција.

Парискиот договор е правно обврзувачки меѓународен договор за климатски промени. Тој беше усвоен на COP 21 во 2015 година и стапи на сила на 4 ноември 2016 година.

•Целта на договорот е намалување на емисиите на гасови кои придонесуваат за глобалното затоплување.
•Парискиот договор предвидува да го подобри и замени Протоколот од Кјото. Заклучно со јануари 2021 година, потпишан е од 195 земји и ратификуван во 190.

ПАРИСКИ ДОГОВОР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
•Главни стратешки цели:
Да го ограничи глобалното затоплување на под 2 Целзиусови степени, по можност на 1,5 степени, во споредба со пред-индустриските нивоа.
Да ја зголеми можноста за прилагодување кон негативните влијанија на климатските промени и поттикнување на отпорност на климатските промени и развој на ниски емисии на стакленички гасови, на начин што не го загрозува производството на храна.
Континуирани финансиски текови во согласност со целите кон ниски емисии на стакленички гасови и развој отпорен на климатски промени.

ПАРИСКИ ДОГОВОР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

- PARISKIOT DOGOVOR ЈА ПРОМОВИРА , ПОМЕЃУ ДРУГОТО, и стратегијата, која вклучува енергетска и климатска политика, вклучително и таканаречени цели 20/20/20.
- Намалување на емисиите на јаглерод диоксид (CO2) за 20%, зголемување на учеството на пазарот на обновлива енергија на 20% и 20% зголемување на енергетска ефикасност.
- Договорот е опишан како поттик за пренасочување на инвестициските текови од индустријата на фосилни горива кон технологии кои се полезни за животната средина и ги намалуват климатските промени.
- Парискиот договор е обележје во процесот на мултилатерални климатски промени затоа што, за прв пат, обврзувачки договор ги доведува сите нации во заедничка кауза да преземат амбициозни напори за борба против климатските промени и да се прилагодат на нејзините ефекти.

И покрај тоа што овие конвенции често содржат многу одредби што се рамковни и премногу општи, меѓународната кодификација во областа на животна средина, добива сè поголем замав и веќе ги дава почетните позитивни резултати. За очекување е дека, поради глобалните опасности за деградација на животна средина, овие конвенции ќе доживуваат сè поголем развој и ќе добиваат сè поголемо значење во вкупните меѓународните односи. Некои конвенции, како на пример Виенската конвенција за заштита на озонската обвивка, заедно со својот додаток Монтреалскиот протокол, како и Конвенцијата која ја регулира меѓународната трговија со загрозени видови, т.н. Конвенција CITES, даваат одлични резултати и слободно може да се констатира дека во целост ги исполнија утврдените цели. Така, Виенската конвенција доведе до намалување на производство и промет на супстанциите што ја оштетуваат озонската обвивка. Втората конвенција доведе до огромно намалување на трговија со загрозените, односно заштитените видови и до спречување на нивното загрозување, односно исчезнување.

Покрај очекуваниот натамошен развој на меѓународната регулатива во областа на животна средина, реално е да се очекуваат и процеси што водат кон спојување на некои конвенции, како и спојување на органите на некои конвенции. Така веќе се почнати иницијативи за спојување на повеќе конвенции од областа на биодиверзитетот и тоа за спојување на Бернската конвенција, Бонската конвенција, Конвенцијата за заштита на биодиверзитетот, како и на некои други конвенции во една сложена конвенција. Се разбира, сѐ уште е неизвесно колку ќе траат овие процеси на спојување. Слични иницијативи постојат и за спојување на двете конвенции, чијшто предмет на регулирање се опасните супстанции, односно за спојување на Ротердамската конвенција и на Стокхолмската конвенција. Со спојување на конвенциите се очекува поефикасно и поефективно уредување на односите и подобра заштита на животната средина.